ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2012

СОДРЖИНА

1. **Организациска структура на ФФРМ.....стр3**
2. **Нова организациска структура на ФФРМ.....стр5**
3. **Собрание стр6**
4. **Управен одбор и Надзорен одбор стр8**
5. **Мрежа на жени-фармери и Мрежа на млади фармери.....стр 9**
6. **Услуги на ФФРМ.....стр10**
7. **Соработка со домашни и меѓународни партнерски организации.....11**
8. **Лобирање и застапување на интересите на фармерите 14**
9. **Поважни настани.....17**
10. **Комуникациски производи на ФФРМ.....стр27**
11. **Буџет.....стр 29**

ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ФФРМ

ВИЗИЈА НА ФФРМ:

Организираниот фармер - движечка сила за одржлив развој на Република Македонија

МИЗИЈА:

Да ги организира и здружува фармерите на национално ниво во насока на заедничко решавање на проблемите и унапредување на земјоделското производство и руралниот развој во Р.Македонија

ГЛАВНА ЦЕЛ:

Да претставува модерно, транспарентна и демократска организација на фармерите, која е национална препознаена и признаена која ги обединува најголем дел од фармерите, ги застапува и штити нивните интереси и дејствува во насока на унапредување и развој на земјоделското производство и руралните средини согласно реалните потреби на фармерите во Р.Македонија

ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ФФРМ

ФФРМ дејствува на национално ниво согласно потребите и интересите на своите членови.

Со цел ФФРМ да се издигне на ниво на релевантен национален претставник на фармерите во Р.Македонија, неопходно е:

- зголемување на бројот на фармери кои членуваат во организацијата.
- обезбедување на репрезентативна секторска застапеност на фармерите и национална покриеност
- ефикасен систем за комуникација со своето членство, идентификација на нивните потреби и проблеми
- функционален систем за собирање и анализа на релевантни податоци и информации, врз основа на кои ќе ја гради својата политика, своите ставови и акциони планови

✉ Христо Смирненски 15, 1000 Skopje, Makedonija ◇ ☎ 02 / 3099 044
e-mail: ffrm@ffrm.org.mk ◇ www.ffrm.org.mk

Ваквиот пристап ќе овозможи признавање и правно потврдување на ФФРМ во општеството и пред институциите како релевантен претставник на фармерите, базирано на реални потреби на членовите, точни податоци и сеопфатни анализи.

ЧЛЕНСТВО

Членовите на ФФРМ се земјоделски здруженија, регионални и национални сојузи, земјоделски задруги формирани од земјоделци или земјоделски здруженија, како и индивидуални членови кои го исполнува основниот критериум – да е евидентиран фармер во Единствениот регистар за земјоделски стопанства на МЗШВ или е во заедница со носител на земјоделско стопанство. Во Федерацијата членуваат и придружни членови кои ги користат услугите на организацијата, но немаат право на глас.

НОВА ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ФФРМ



Наместо оперативно треба да пишува извршно ниво

✉ Христо Смирненски 15, 1000 Skopje, Makedonija ◇ ☎ 02 / 3099 044
e-mail: ffrm@ffrm.org.mk ◇ www.ffrm.org.mk

СОБРАНИЕ

Во рамките на 2012 беа организирани две собранија на ФФРМ – Вонредно собрание и Изборно собрание

Вонредна седница на Собранието на ФФРМ

Вонредното собрание беше одржано на 12 март 2012 година во Битола, каде што членовите на ФФРМ ги усвоија стратешките документи кои дадоа нов правец на функционирање на организацијата. Федерацијата на фармери на РМ во рамките на Проектот „Промовирање на интересите на фармерите “ со помош на консултантската куќа GRM Intenational успеа да развие и усвои документи во кои се опфатени стратешката ориентација и приспособувањата во институционална и организациска поставеност. Членството на ФФРМ на седница на Собрание ги усвои промените на Статутот, кои ги одразуваат новите насоки во развојот на организацијата и беа усвоени и следните документи:

- Нова Стратегија на ФФРМ 2012-2016 година,
- Деловник за работа на Управниот Одбор на ФФРМ,
- Деловник за работа на Собранието на ФФРМ,
- Политика за избори,
- Политика за членство,
- Политика за управување со човекови ресурси.

Со новите усвоени документи Федерацијата на фармери на РМ покажа голема зрелост и подготвеност да ја зајакнува организацијата.

Редовна изборна седница на Генералното Собрание на ФФРМ

Редовната Изборна седница на Генералното Собрание на ФФРМ се одржа на 20 јули 2012 година во Скопје. Процесот на Изборите се спроведуваше според новиот двостепен изборен модел. Во изборниот процес рамноправно беа вклучени сите групни членови како што се земјоделските здруженија, регионални и национални сојузи, земјоделски задруги како и индивидуални членови- земјоделци. Изборите за прв пат во Федерацијата се спроведоа на две нивоа, т.е. се одржаа пет регионални собранија во скопскиот, гостиварскиот, битолскиот, струмичкиот и кочанскиот регион и собранија на Мрежата на млади фармери и Мрежата на жени фармери каде се избираа делегати за присуство на Генералното Изборно Собрание и се номинираа членови за Управен Одбор. На Редовната Изборна седница на ФФРМ за Претседател на Управниот Одбор и лидер на организацијата повторно беше избран Андрија Секуловски, а Мемет Синани за заменик претседател. За прв пат во нејзиното постоење Управниот Одбор на ФФРМ брои 7 членови и тоа по еден претставник од сите региони и по еден претставник од Мрежата на млади фармери и Мрежата на жени фармери. Членовите на УО се здобија со двогодишен мандат.

На Собранието присуствуваше и државниот секретар на Министерството за земјоделство, Бесир Јашари, професори, експерти, претставници на владини и невладини институции.

Федерацијата на фармерите на РМ потпиша меморандуми за соработка со Иницијативата за развој на земјоделството во Косово, Македонската асоцијација на земјоделски задруги и Македонската асоцијација на преработувачи.

Обраќање на Андрија Секуловски на Редовното годишно собрание на ФФРМ

Оваа година Федерацијата на фармерите на РМ одбележува десет години од своето постоење. Токму во овие десет години создадовме една организација, еден бренд кој е препознатлив и достапен на земјоделците и поширокатa јавност, организација која направи промени во насока на подобрување на информираноста, едуцираноста и обединувањето на сите субјекти инволвирани во земјоделскиот сектор. Кога се зборува за спроведување на реформи или промени во земјоделството, морам да признаам дека станува збор за многу тешка и сложена работа. Некогаш и самите промени не ги забележуваме, а некогаш и не сакаме да ги видиме и да ги признаеме. Но, сепак позитивните реализирани промени во овие десет години покажуваат дека од оваа организација ние земјоделците сме добиле, научиле и треба понатаму да работиме на нејзино развивање.

Она што е карактеристично за изминатата година е тоа што ФФРМ добар дел од својата работа посвети на внатрешни реформи, воспоставување на нов систем на избори кој се заснова двостепен пропорционален модел, дадено е право на глас и учество на индивидуални членови-земјоделци.

УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на ФФРМ ги надгледува, следи и извршува одлуките на Генералното собрание, во согласност со Статутот и одлуките донесени од Генералното собрание. Управниот одбор назначува и разрешува Претседател на Управен одбор и Извршен директор на ФФРМ; ја надгледува и контролира работата на Претседателот на Управниот одбор како правен застапник на ФФРМ и го следи спроведувањето од страна на Извршниот директор .

Во 2012 година ФФРМ имаше два управни одбори и Надзорен одбор кој со новиот Статут е укинат.

Членови на Управниот Одбор на ФФРМ до 20 јули 2012

1. Андрија Секуловски	овоштарство с. Љубојно, Ресен,
2. Недим Касами	говедарство, с. Горна Бањица, Гостивар,
3. Гоце Целески	пчеларство, Охрид,
4. Васил Пиндеров	лозарство, с. Пирава, Валандово,
5. Александар Ристовски	лозарство, Неготино
6. Тодор Мушевски	овчарство, Штип
7. Сузана Димитриевска	органско производство с.Мустафино, Свети Николе
8. Александар Стојановски	општо, с. Лопате, Куманово
9. Стеванче Јорданоски	говедарство, с. Мажучиште, Прилеп
10. Мемет Синани	поледелство, с. Камењане, Тетово
11. Нуредин Абдули	говедарство, с.Пршовце, Тетово
12. Видоја Зафироски	овчарство, Гостивар

Претседател на УО е Андрија Секуловски, а заменик –претседател Недим Касами.

Членови на Управен Одбор на ФФРМ од 20 јули 2012

1. Андрија Секуловски (битолски регион)
2. Мемет Синани (гостиварски регион)
3. Никола Стаменов (струмички регион)
4. Пере Крстев (кочански регион)
5. Љупче Станковски (скопски регион)
6. Дијана Стоичовска (Мрежа на млади фармери)
7. Љубица Џоњиќ (Мрежа на жени фармери)

Претседател на УО е Андрија Секуловски, а заменик –претседател Мемет Синани

Членови на Надзорниот Одбор на ФФРМ до 20 јули 2012

1. Бранко Трајковски	пчеларство, Велес
2. Ерол Имери	пчеларство, с. Горна Бањица, Гостивар
3. Александар Томоски	овоштарство, Тетово

Претседател на НО до 20 јули 2012 е Бранко Трајковски

МРЕЖА НА ЖЕНИ - ФАРМЕРИ

Целта на организирање на МЖФ е обединување и нивно инволвирање во членството и управувачките структури на земјоделските здруженија. МЖФ оваа година работеше на: економско јакнење, подигнување на свеста кај жените- фармери за поголема вклученост во локалните здруженија, регионално ширење и промовирање на МЖФ, интегрирање на родовите прашања во секторот земјоделство, како и поттик и поддршка на жените - претприемачи.
Од оваа година МЖФ имаат свој претставник односно член во Упавниот одбор.
Интенцијата на оваа Мрежа е да го зголемува своето членство и да влијае за поголема активност и вклученост од нивна страна, особено во рурални средини и средини со традиционални навики.

МРЕЖА НА МЛАДИ – ФАРМЕРИ

Мрежата на млади фармери (ММФ) во рамките на ФФРМ работеше на развивање на лидерските и претприемачките вештини на младите фармери во Македонија, на поттикнување на тимската работа и комуникацијата помеѓу нив, подигнување на интересот за земјоделството, имаше свој придонес во развојот на економијата, заштитата на животната средина и подигањето на квалитетот на живеењето. Од оваа година ММФ имаат свој претставник односно член во Управниот одбор.

✉ Христо Смирненски 15, 1000 Skopje, Makedonija ◇ ☎ 02 / 3099 044
e-mail: ffrm@ffrm.org.mk ◇ www.ffrm.org.mk

УСЛУГИ НА ФФРМ

- Дефинирани протоколи и процедури за испорака на услуги
- Извршена обука со регионални центри за процесот на испорака на услуга и за сите потребни информации за запис во дневникот на активности
- Извршена детална анализа и направена листа на услуги кои ФФРМ ги нуди или е во процес на подготовка за да може да се испорачуваат нови услуги
- Креирана нова услуга за членовите: Бесплатни мали огласи каде членовите на ФФРМ можат бесплатно да ги огласуваат сопствените производи и услуги на ВЕБ страната на ФФРМ
- Дефинирани се сите потребни чекори кои ФФРМ треба да ги преземе за да се воведе систем на попусти за членовите на ФФРМ. Системот е во напредна фаза на развој и се очекува картичките за попусти да бидат наскоро поделени. Во исто време веќе е преговарано со првите фирми кои своите производи и услуги ќе ги нудат со попуст на членовите на ФФРМ
- Завршени се чекорите за воведување на нова услуга на членовите на ФФРМ – можност да се изнајми консултант за изработка на бизнис планови за пристап до финансиски средства.

СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ИНСТИТУЦИИ И ДОНАТОРИ

1. Сида

ФФРМ, во рамките на излезната стратегија на Меѓународната шведска агенција за развој (Сида), продолжи со реализација на проектот „Промоција на интересите на фармерите на РМ“преку кои се финансираа активности за надградување и одржливост на организацијата. Четирите главни цели на проектот се: стратегија за одржливост на ФФРМ, подобрување на организациските капацитети, структура и рутини, пристап до фондови од различни донатори и промовирање на интересите на фармерите. Реализацијата на проектот е технички подржана од меѓународната консултантска куќа GRM.

2. Шведската федерација на фармери –ЛРФ

Во рамките на проектот подржан од Сида ФФРМ соработуваше и со Шведската федерација на фармери, каде што беа разменети искуства за развој на организацијата. Во рамките на проектот подржан од Сида ФФРМ Медија и ЛРФ Медија соработуваа во делот на размена на искуства и подготвување на бизнис – план на земјоделското списание „Моја земја“.

3. Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје и Институт за земјоделство

Во рамките на спроведувањето на активностите голем дел од професорите од Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје учествуваа на работилници, обуки каде што се разменуваа знаења и искуства во насока на развој на земјоделството. Голем дел од професорите соработуваа во подобрувањето на информираноста и едукацијата на земјоделците со пласирање релевантни информации, совети и прирачници во списанието „Моја земја“

4. АФДИ (Организација на француски земјоделци за меѓународен развој)

Еден од потпишаните договори на ФФРМ во 2010 година е проектот со АФДИ кој се заснова на програма за децентрализирана соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија во поглед на зајакнување на капацитетите на фармерите и фармерските организации за подобрување на профитабилноста и структурата на млекото и млечните производи. Проектот вклучува три активности и тоа: придружување на фармерски организации, зајакнување на капацитетите на млекопроизводителите за профитабилно производство на млеко, како и зацврстување на фармерските организации на Балканот.

5. ПРОЕКТ ЗА МРЕЖА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДНИОТ БАЛКАН ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ (ТЕМПУС)

Проектот е финансиран од програмата ТЕМПУС и има за цел да се отворат рурални центри во сите балкански земји што се партнери во проектот и да се спроведат обуки за

неформално образование во руралната област. ФФРМ како партнерска организација за неформално образование учествуваше на обуки кои се одржаа во Босна и Херцеговина и Холндија за креирање на советодавни услуги во земјоделството и руралниот развој.

6. Иницијатива за земјоделски развој на Косово – IADK

Организирани се средби на земјоделци од ФФРМ и IADK со цел да се разменат искуства. Претставници од IADK учествуваа на Регионалната конференција "Кооперативно здружување – основа за подобрување на конкурентноста на фармите". ФФРМ и IADK се дел од тимот на формирање Балканската мрежа на земјоделски асоцијации (БААН), која продолжува да функционира во насока на зближување на земјоделците од регионот.

7. АГРО – СТАРТ „Транснационална мрежа за поддршка на мали и средни претпријатија во секторите сточарство и градинарство"

Федерација на фармерите на РМ започнува со реализацијата на активностите кои се дел од проектот „Транснационална мрежа за поддршка на мали и средни претпријатија во секторите сточарство и градинарство". Проектот ќе биде реализиран во седум држави (Романија, Бугарија,Р. Македонија, Грција, Албанија, Италија, Словенија), а ќе биде спроведуван од страна на 12 организации . Целта на проектот да се развијат иновативни пристапи, протоколи, алатки за услуги и новитети кои ќе придонесат за развој на малите и средни претпријатија во секторите сточарство и градинарство како и нивна препознатливост на интернационалните пазари. Лидер партнер во проектот е Националната федерација на синдикатот за земјоделство,храна и тутун во Романија – Агростар.

8.АГБИЗ

ФФРМ е вклучена во активностите на Агбиз програмата на УСАИД и имплементирана од страна наTetra Tech ARD, Inc. ФФРМ беше директно вклучена во активностите кои се спроведуваа преку консултантските куќи ЕПИЦЕНТАР и МЦГ во насока на развој на секторите за свежо овошје и зеленчук.
Целта на АгБиз е зголемување на економскиот раст во Македонија преку проширено и еколошки одржливо производство и продажба на земјоделски производи со додадена вредност, оспособувајќи ги производителите и преработувачите да се конкурентни на регионално и глобално ниво.

9.ЦеПроСард

Здружението на граѓани „Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој" и ФФРМ ја продолжија соработката во областа на земјоделството, руралниот развој, обновливите извори на енергија, економијата и заштитата на животната средина. Една од заедничките активности е реализирањето на „Меѓународниот ден на руралната жена – 15 октомври".

10.Мрежа за рурален развој на РМ

Здружението на граѓаните „Мрежата за рурален развој на РМ “ и ФФРМ ја продолжија соработката во областа на влијанието на климатските промени врз земјоделството и руралниот развој. Мрежата за рурален даде поддршка во организацијата на „Меѓународниот ден на руралната жена – 15 октомври“

11. „Програма за аналитичка и советодавна поддршка на македонскиот зелен раст и климатските промени’’ –Светска банка

ФФРМ беше вклучена во проектот „Програма за аналитичка и советодавна поддршка на македонскиот зелен раст и климатските промени’’, кој е „чадор“ програма за аналитичка работа и техничка поддршка, предводена од Светската банка во соработка со Владата на Република Македонија. ФФРМ, во соработка со CePROSARD и консултантскиот проектен тим организираше Развивање на сценарио за учество, еднодневна работилница во Пробиштип наменета за идентификување на најранливите социјални групи од проектираното влијание на климатските промени и на препораките кои треба да се преземат од засегнатите страни со цел да се ублажат ефектите од климатските промени. Слична работилница се одржа во општина Илинден.

ЛОБИРАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ФАРМЕРИТЕ

Една од најзначајните активности на ФФРМ е лобирањето и застапувањето за членовите на организацијата. Во периодот 2012 година најзначајната придобивка во однос на лобирањето и застапувањето беше основањето на под-секторски групи во согласност со Законот за земјоделски и рурален развој. ФФРМ ги исполни бараните критериуми за да обезбеди свои претставници во сите основани под-секторски групи:

i) за одгледување и производство на тутун и други индустриски култури;
ii) грозје и производство на вино;
iii) производство на овошје;
iv) зеленчук;
v) мед;
vi) житарки;
vii) производство на млеко и месо.

Улогата на овие под-секторски групи е да обезбедуваат мислења и ставови за регулирање на пазарот, понудата и побарувачката за земјоделски производи, да нудат решенија за утврдените проблеми или прашања во посочените под-сектори. За функционирање на под-секторските групи или други активности насочени кон лобирање и застапување, како и за некои ad hoc барања од членовите, ФФРМ подготви детални под-секторски анализи за производствените капацитети, трговијата, производството за следните под-сектори во земјоделството: тутун, јаболки, млеко, домати, пиперки, пченица, органско производство и кошници пчели. Сепак, релевантните документи со кои се регулира функционирањето на под-секторските групи треба допрва да се подготват и усвојат од надлежните тела на ФФРМ. Освен во под-секторските групи, ФФРМ исто така ги исполни критериумите за назначување на свој член во Советот за земјоделство и рурален развој како највисоко национално тело за креирање на земјоделската политика. Ова тело беше основано во август 2012 година на првиот состанок на кој присуствуваа назначените членови. Советот ќе служи како консултативен механизам за

политиките, плановите и програмите за развивање на земјоделството и за рурален развој.

Постигнати резултати

По пат на дијалог со сите засегнати страни за определена проблематика, беа постигнати следниве позначајни активности и резултати:

- ФФРМ беше посветена на подобрување на програмата за финансиска поддршка, и организирана јавна реакција за одложувањето во исплатата на директната финансиска поддршка. Значаен успех во овие напори е вклучувањето на предлогот на ФФРМ во Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за периодот од 2013 до 2017 г.
- ФФРМ организираше средба со околу 20 заинтересирани страни од областа на производство на пченица, на која ФФРМ ги презентираше барањата на своите членови. Земјоделското производство беше привремено заштитено со воведувањето на нова увозна тарифа за пченица (купувачите беа условени да увезат 1 кг пченица доколку купат 3 кг пченица произведена од македонските фармери, да се зајакне инспекцискатa контрола на откупното место).
- Предлогот на членовите на ФФРМ модриот домат да се додаде на листата на земјоделски производи за директна финансіка помош беше прифатен од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и од канцеларијата на Заменик Претседателот на Владата за економски прашања.
- ФФРМ ги разгледуваше проблемите поврзани со откупот на тутун и ги достави до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до трговците.
- ФФРМ реагираше на непрецизираниот процес на легализација на фармите и бараше Министерството за земјоделство да подготви Прирачник и да организира директни средби со фармерите за да го објасни целиот процес. Како резултат на овие активности, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство изготви и презентираше дополнителни подзаконски акти и план за директни средби на фармерите со професионален тим кој може да го објасни целиот процес.
- ФФРМ организираше средби со пчеларите, претставниците од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Универзитетот во врска со штетниците во пчелините кошници и побара од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство порано да им ги исплати субвенциите на пчеларите и да ја зголеми финансиската поддршка. Министерството се заложи дека ќе започне со исплатата на субвенциите порано, кога тоа ќе го дозволат условите.
- Преку директна средба со Агенцијата за храна и ветеринарство, ФФРМ ги заштити интересите на одгледувачите на пчели продолжувајќи го рокот за регистрирање на

кошниците, прашање кое претставуваше закана многу пчелари да не го исполнат правото да користат директни субвенции.

- ФФРМ реагираше за подобро управување со пасиштата на средбите со Јавното претпријатие за пасишта и со Министерот за земјоделство на оваа тема. Проблемите беа изложени од страна на фармерите и фармерите добија ветување дека нивните предлози ќе бидат усвоени во новиот Закон за пасишта.
- Деловни средби беа организирани помеѓу производителите на пиперки, трпезно грозје и јаболка со домашни купувачи и купувачи од регионот.
- ФФРМ и ФФРМ медија преку кординативна група за земјоделска механизација учествуваше во целоснотso менувањето на законската регулатива за легализација на трактори, така што се прифати предлогот на ФФРМ за докажување на сопственоста да не се оди по судови со адвокати туку да се даде изјава заверена на нотар која ќе овозможи ефикасен начин со мали финансиски средства да се легализира тракторот.

- ФФРМ и ФФРМ медија со професорите од Факултетот за земјоделски науки и храна и Институтот за земјоделство го истакна проблем со штетникот „тута апсолута“ и на прес – конференција пред јавноста така што побара експертската група за тута апсолута формирана во Министерството за земјоделство да започне да функцуионира со конкретни чекори и заедно со Федерацијата да спроведат едукативна кампања на терен каде што директно ќе бидат инволвирани фармерите

- Оваа година Федерацијата на фармерите активно учествуваше во креирање на нацрт верзијата на законот за Земјоделски задруги. Подобрување е направено со прифаќање на предлогот на ФФРМ да се опфатат сите дејности во примарното земјоделство и преработувачката индустрија. Федерацијата и понатаму продолжува со своите активности кон унапредување на законската рамка затоа што смета дека сеуште постои потреба од негово унапредување.

- Федерацијата во соработка со ЦЕА – Центарот за економски анализи започна активност за утврдување на состојбите и проблемите за кредитирање во земјоделството, преку одржување на средби со фармерите и финансиските институции. Како финална активност која ќе се реализира во 2013 година е организирање на трибина на сите засегнати страни и преку презентација на резултатите од ова истражување да ги приближи нивните ставови со цел унапредување на кредитирањето на земјоделството кое ќе биде на заедничко задоволство и на земјоделците и на финансиските институции.

ПОВАЖНИ НАСТАНИ НА ФФРМ

ЈУБИЛЕЈ „10 ГОДИНИ ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИТЕ И 5 ГОДИНИ МОЈА ЗЕМЈА“

Со поздравни говори, сеќавање, многу разговори, доделување на плакети и благодарници, во свечена атмосфера беше одбележано десетгодишното постоење на ФФРМ и 5 години од земјоделското списание „Моја земја“ кое е креирано и одржувано од Федерацијата. Јубилејот се оддржа во Музејот на македонската борба. На самиот настан присуствуваа голем број на земјоделци, амбасадорот на Кралството Шведска, Ларс Вахлунд, Министерот за земјоделство, Љупчо Димовски и заменик министерот за земјоделство, Зоран Коњановски, претставници на владини и невладини институции, претставници на амбасади, организации од регионот, пријатели, претставници од бизнис заедницата, новинари и сите лице кои биле директно инволвирани во тимот на Федерацијата на фармерите и „Моја земја".

ПРИСУСТВО И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИИ

- Организирана по втор пат беше манифестацијата „Етно ден на млади фармери“ каде што беше презентирана и промовирана традицијата, заживување и унапредување на руралниот живот, преку негување на подзаборавените традиционални обичаи, како и пренесување на порака за развој на руралните средини и отворање на бизниси на овие места каде што носители на бизнисите се млади лица. Во рамките на манифестацијата присуствуваа гости од Бугарија и Србија, а со поздравни говори се обрати претседателот на ФФРМ, Андрија Секуловски и градоначалникот на општина Струмица, Зоран Заев.

- Федерацијата на фармерите на РМ по петти пат го одбележи Меѓународниот ден на руралната жена со цел да се даде значење на улогата на жената–фармер, а

воедно да се поттикне нејзиното активно дејствување во развојот на земјоделството и здружувањето. Манифестацијата беше поддржана и од Мрежата за рурален развој и ЦеПроСАРД и се одржа во комплексот „Етно село", општина Старо Нагоричане, Кумановско. Во рамките на одбележувањето на Меѓународниот ден на руралната жена Федерацијата на фармерите организираше и „Јуфкијада 2012" со која се потенцираше улогата на жената фармер во зачувување на традиционалната храна. Јуфкијадата оваа година се организираше заедно со Адријана Алачки и емисијата „Вкусот на традицијата“ на Алфа телевизија.

- ФФРМ со свој штанд и презентација на услугите учествуваше на манифестациите „Шарпланиска костенијада" во с. Јелошник, „Ден на празот" во струмичкото село Градошорци и „Ден на гравот" во Теарце . На манифестацијата присуствуваа жители од околните села

- ФФРМ со свој штанд учествуваше на одбележувањето на 65-годишнината од постоењето на Факултетот за земјоделски науки и храна со Меѓународен симпозиум за земјоделство и храна. Со поздравен говор се обрати Ѓорги Јовановски, извршен директор на ФФРМ, а со свои научни трудови на симпозиумот учествуваа агрономите м-р Марија Ѓошева Ковачевиќ и м-р Томе Тимов кои се дел од тимот на Федерацијата.

РАБОТИЛНИЦИ, ОБУКИ, ТРИБИНИ, СОСТАНОЦИ, ФОРУМИ, ДЕБАТИ

- Ричард Демуинк (Richard Demuynck), претседател на организацијата во Горна Нормандија, и г-ѓата Одил Лебарбеншон (Odile Lebarbenchon), администратор на кооперативата за откуп и трансформација на млеко (CUMA), кои се претставници на Меѓународната организација за развој на земјоделството (АФДИ) оствари средби со претставници од општина Берово и со земјоделци. Исто така, преку работната група за квалитет на млеко, формирана во рамките на ФФРМ, француските фармери имаа можност директно да работат со сите засегнати страни во процесот на млекопроизводство.

- ЕПИ ЦЕНТАР – Скопје, во рамките на проектот „Fresh Fruits and Vegetables Value Chain", потпомогнат од програмата Агбиз на УСАИД, организира средби со членовите на ФФРМ во различни региони каде што се разговараше за предизвиците во градинарството, трпезното грозје и јаболкото. На самите средби беше потенцирано дека националните статистики не ја отсликуваат реалната состојба во потсекторите и даваат погрешна слика за потенцијалниот инвеститор.

- ФФРМ и консултантската куќа BASME организираа работилници во Гостивар и Струмица за одржливо земјоделство што подразбира управување со природните и човечки ресурси за да се задоволат потребите на сегашноста без да се загрозат идните генерации. Целта на организирање на една ваква работилница е да се укаже на важноста на општествено одговорно земјоделство кое претставува произведување на храна која е здрава за потрошувачите и животните и не е на штета на животната средина и е хумана работа.

- Организирани состаноци на формираната кординативна група за земјоделска механизација која работеше на разгледување, изменување и дополнување на законската регулатива за легализација на трактори. Кординативната група ја сочинуваа претставници од ФФРМ (Мемет Синани, Сузана Димитриевска и Стеванче Јордановски), а на самите состаноци присуствуваа претставници од Министерството за економија, МВР, професори, АМСМ. Во рамките на самото лобирање беше инволвирано и списанито „Моја земја" во кое се објавуваа фактите и причините зошто треба да се направи измена на Законот за возила.

-Федерацијата на фармерите на РМ реализира средба со претставници од кабинетот на вицепремиерот за економски прашања Владимир Пешевски каде што беше разговарано за актуелните земјоделски проблеми. Во рамките на средбата е договорено да се обезбеди транспарентна информација и континуитет во водењето на разговорите со релевантните владини институции.

- На барање на Федерацијата на фармерите на РМ реализирана е средба со министерот за земјоделство, Љупчо Димовски на која што е разговарано за проблемите во земјоделството, со тоа што посебно внимание се посвети на субвенциите. ФФРМ ги образложи своите забелешки поврзани со финансиската поддршка во земјоделството.

- Федерацијата на фармерите на РМ реализира средба со лозарите од Неготино каде што се разговараше за проблемите кои земјоделците ги имаат со фирмата „Лазов Омлак ДООЕЛ" која го зела нивното грозје во 2009 година и сеуште ги нема дадено средствата на земјоделците.

- Реализирани средба со тутунопроизводителите во Прилеп и прилепското село Лажани на иницијатива на својата членка Сојузот на здруженија на тутунопроизводителите „Петун" каде што беа разгледувани проблемите со авансирањето и проблемот со идентификационите картони за реколта 2012.

- Мрежата на млади фармери учествуваше на Агробизнис форумот кој се одржа на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, а организиран од страна на невладината меѓународна организација АИЕСЕК Скопје. Во рамките на самата средба беа презентирани активностите на Мрежата на млади фармери и ФФРМ во насока на развој на земјоделството како бизнис .

- ФФРМ, во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна и Институтот за социолошки, политички и правни истражувања организираше дебата за земјоделски и рурален развој во последните 20 години од македонската независност. ФФРМ презентираше сеопфатна анализа на главните трендови во врска со производствените капацитети, производството, трговијата и други индикатори поврзани со перформансите во секторот земјоделство во анализираниот период. Некои препораки за понатамошен раст и развој на земјоделството и рурален развој кои произлегоа од дебатата беа посочени и адресирани до канцеларијата на Заменик Претседателот на Владата за економски прашања, кој е одговорен за прашања од областа на земјоделството.

- Одржан годишен состанок на Мрежата на млади фармери со организирана трибина на тема „Социјалното и економското здржување во земјоделство“.

- Организиран состанок на пчеларите и пчеларстките здруженија членови на ФФРМ на кој што се формира потсекторска група за пчеларство. Претседавач на потсекторската група за пчеларство е Гоце Целески и на средбата се разговараше за актуелните проблеми во пчеларството односно поморот на пчели, исплатата на субвенциите и Правилникот за начините и постапката за идентификација и регистрација на пчелите.

- ФФРМ го подржа настанот на Македонската асоцијација на земјоделски задруги-МАЗЗ за одбележување на 7 јули- ``Светскиот ден на задругите`` кој се одржа под мотото ``Задругите градат подобар свет``.

- Организирани работилници за добра земјоделска пракса и агроеколошки мерки и ИПАРД програмата каде што се разговараше за критериумите за добра земјоделска пракса (GAP) и агроеколошките мерки и земјоделците се информираа за аплицирањето и ги кажаа проблемите и бариерите со кои се соочуваа при подготовка на апликациите за користење на финансиски средства преку ИПАРД програмата. Работилниците се организираат во рамките на проектот „Тренинг-програма за земјоделците за приближување кон ЕУ стандардите" кој го спроведува МЦГ во рамки на АГБИЗ програмата на УСАИД.

- Потсекторската група за пченица во ФФРМ реализира средба пред самиот почеток на жетвата каде што се разговараа за проблемите и предизвиците во овој сектор како и цената на пченицата за претстојната година.

- Организирана работилница со производителите на ориз во Кочани каде што разговараше за плевелите и мерки за заштита од нив, како и ефикасноста од препаратите кои се користат за заштита. Предавач на работилницата проф. д-р Даница Андреевска од Институтот за ориз која исто така се согласи со земјоделците дека треба да биде направено испитување на препаратите, но потенцира дека неефикасноста на хербицидите може да биде поради ненавременото третирање, односно третирање во подоцнежна фаза.

- Организирана трибината „Едукација и згрижување на децата од претшколска возраст во руралните средини" каде што се покрена иницијатива за отворање на градинки, едукативни центри или други институции во кои ќе бидат згрижени и образовани деца во руралните средини. На средбата присуствуваа жени фармери, УНИЦЕФ, Центар за ран детски развој „Лајфстарт“ и професори.

- ФФРМ, консултантската куќа „Епицентар Интернационал" со подрша од Агбиз програмата на УСАИД организираа средби помеѓу производители и трговци од страна на. Првата средба беше организирана во Струмица меѓу производителите и извозниците на зеленчук и овошје од Струмичкиот регион и увозници од Република Црна Гора, на која се

констатираше дека во делот на агробизнисот има простор за идна поплодна соработка. Втората бизнис средба беше во битолското село Бистрица со увозници на јаболка и свежо овошје и зеленчук од Босна и Херцеговина со производители и извозници на свежо овошје и зеленчук од Република Македонија, а во Ресен се организира Трибината „Развој на пазарите за македонското јаболко" која беше дел од програмата на манифестацијата „Преспански јаболкобер 2012". Во рамките на оваа манифестација ФФРМ се претстави со свој штанд. Третата средба се одржа во Стопанската комора во Скопје помеѓу бизнисмени од Словачка и производители на трпезно грозје.

- Организира обука „Развој на вештините за застапување и лобирање". Целта на обуката е запознавање и развивање на вештините за лобирање кои во иднина ќе бидат употребувани од страна на Федерацијата во брањето на интересите и правата на земјоделците. На обуката присуствуваа вработените на ФФРМ, членовите на УО, како и тим лидерите на потсекторските групи во ФФРМ и претставниците на Федерацијата во потсекторските групи во Минстерството за земјоделство. Според обучувачот Зоран Стојковски лобирањето е важен сегмент од развојот на една вакваа организација која мора посебно внимание да обрнува на овој дел од своите активности.

- ФФРМ, во рамки на заедничката програма со Француската асоцијација на земјоделци за меѓународен развој (АФДИ) поддржана од Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА) организираше четири работилници на терен за подобрување на хигиената и квалитетот на млекото за фармери од Република Македонија. Целта на работилниците беше да се обезбеди спој помеѓу научните достигнувања и земјоделските практики што ќе води кон подобрување на постапките при млекопроизводството а со тоа кон подобрување на хигиената и квалитетот на млекото во Република Македонија.

- Организирани работилници во Кочани, Гостивар и Битола за кредитирање во земјоделството. Тема на самите работилници е информираноста на земјоделците во врска со расположливите кредитни линии во земјоделството, и финансиските институции кои даваат кредити во земјоделството, критериумите и постапката за добивање на кредити и намената на кредитите што ги земаат земјоделците. Федерацијата на фармерите на РМ во соработка со Центарот за економски анализи ЦЕА ги организира работилници за кредитирање во земјоделството.

- Федерацијата на фармерите на РМ во рамките на Саемската манифестација „Агрофуд", организира трибина на тема „Презентација на измените на Законот за легализација и регистрација на трактори". На трибината со своја презентација се обратија претставниците од Министерството за економија .

-Организиран редовен годишен состанок со Меѓународната шведска агенција за развој (Сида) каде што се разговараше за активностите на ФФРМ во рамките на проектот „Промоција на интересите на фармерите на РМ“ на кој присуствуваа вработени, членови на УО на ФФРМ и претставници од консултанстката куќа ГРМ и Сида.

- Остварени бизнис средби како резултат на реализираните саемски посети во Турција, така што во организација на ФФРМ во РМ присуствуваа турски земјоделски бизнисмении кои сакаат да работата на полето на инвестирање на нови сорти на круша и едукација за нивно одгледување. Реализирана е посета и на турската компанија „Туана метал“која инсталира потпорни системи и заштитните мрежи во овоштарството како и електрични овчари за пчеларниците.
- Зоран Коњановски, заменик министер за земјоделство ја посети регионалната канцеларија на Федерацијата на фармерите на РМ во Струмица и се сретна со претседателот на ФФРМ, Андрија Секуловски и членови на ФФРМ. На средбата се разговараше за имплементацијата на законските одредби за легализација на земјоделските објекти и легализација и регистрација на трактрите.
- Мрежата на жени фармери при Федерацијата на фармерите на РМ учествуваше на работилницата „Проблемите и приоритетите на жената во руралната средина" организирана од Це ПроСАРД. Со поздравни говори се обратија Ѓорги Јовановски, извршен директор на ФФРМ и Љубица Џоник, член на УО во ФФРМ од Мрежата на жени фармери.
- Федерацијата на фармерите на РМ организира средба со научните институции, владините институции,бизнис секторот, земјоделците и медиумите каде го соопшти ставот за развојот на земјоделството за 2012 и очекувањата од 2013 година. На средбата се обрати претседателот на ФФРМ, Андрија Секуловски кој нагласи дека само обединети, информирани и едуцирани може да се спротивставиме на предизвиците кои што не очекуваат. На средбата која се одржа во Институтот за земјоделство присуствуваше и Мемет Синани, заменик претседател на ФФРМ, членови на УО на ФФРМ и тим лидери на потсекторските групи во Федерацијата.
- ФФРМ присуствуваше во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство каде што се одржаа состаноци на Советот за земјоделство и рурален развој, на кого се разговараше за Предлог законот за консолидација на земјоделско земјиште, млекопроизводство и Новата програма за субвенционирање.
-Реализирана средба со претставници од УНДП на која што се разговараше за законодавството и руралнио развој.

КОНФЕРЕНЦИИ

- ФФРМ организираше Балканска конференција под наслов „Управување со задруги во пазарната економија." На конференцијата присуствуваа гости од балканските држави, француската организација АФДИ, гости од Долна Нормандија Франција, експерт од Италија од Европската организација за задруги, Делегација на европската унија и организации од Македонија кои се занимаваат со прашањето на задругите. Работилницата ги разгледуваше основните слабости во функционирањето на задругите, како лошото управување и недоволното познавање на правата и обврските на членовите на задругите. Конференцијата резултираше со заложба на Министерството да работи на подобрување на слабостите во работењето на задругите преку усвојување на ново законодавство и нова шема за финансиска поддршка на задругите.

МЕМОРАНДУМИ , ДОГОВОРИ, СОРАБОТКИ

- Федерацијата на фармерите на РМ за време на Редовното собрание потпиша меморандуми за соработка со Иницијативата за развој на земјоделството во Косово, Македонската асоцијација на земјоделски задруги и Македонската асоцијација на преработувачи.

-Федерацијата на фармерите на РМ и Фондацијата Агро – центар за едукација (АЦЕ) потпишаа договор за соработка за спроведување на проектот „Договорно производство II", подржан од Агбиз програмата на УСАИД, а спроведен од страна на МЦГ и АЦЕ. Целта на проектот е имплементација на договорното производство преку јакнење на конкурентноста на вредносниот синџир на преработка на зеленчук и нивните производи на локалниот, регионалниот и меѓународниот пазар.

- Федерација на фармерите на РМ потпиша договор за соработка со Агбиз програмата на УСАИД за интензивирање на меѓусебна соработка во делот на развојот на земјоделството и имплементација на нови технологии во аграрот. Целта на соработката е запознавање на успешни модели на функционирање, како и користта и одговорностите за работа како формална група на производители или организација на производители.

-ФФРМ во насока на развој на земјоделството потпиша меморандуми со четири општини (Тетово, Теарце, Боговиње, Кривогаштани), како и Полошко планскиот регион и Источно планскиот регион.

-ФФРМ оствари соработка со Комитетот за координирање на волонтерска помош / Италијанска солидарност (COSV) во светот во делот на искуства од кооперативното здружување во Италија. Во рамки на соработката се очекува да се организираат неколку заеднички активности за подобрување на состојбите во кооперативното функционирање во Република Македонија.

-Во 2012 г. ФФРМ оствари континуирана соработка со проф. Д-р. Криштоф Каснер, познат ветеринар од Полска во секоторот млекопроизводство. Идните планови на ФФРМ се движат во насока на продлабочување на оваа соработка кон подобрување на состојбата со исхрана на жива стока преку создавање на индивидуализирани програми за исхрана со примена на концентрати со европски квалитет.

САЕМИ

- Претставници од ФФРМ беа на саемот Fruit Logistica во Берлин, Германија кој е водечкиот светски саем за бизнисот со свежо овошје и зеленчук. На површина од 99 илјади квадратни метри своите производи ги презентираа 2,452 излагачи. Посетата за земјоделците и преработувачите е организирана од страна на Епицентар- Скопје, во рамките на проектот „Fresh Fruits and Vegetables Value Chain" помогната од програмата Агбиз на УСАИД.

- Федерација на фармерите на РМ организира еднодневна посета за 140 фармери на Интернационален саем за земјоделска механизација – Агротика. Целта на посетата беше земјоделците да се информираат за новитети на земјоделската механизација и новите технологии на производство кои ја зголемуваат продуктивноста на земјоделското стопанство. Посетата е во соработка со консултантската фирма МЦГ во рамките на проектот поддржан од Програмата Агбиз на USAID.

- ФФРМ во соработка со ЕПИЦЕНТАР Интернационал и со поддршка од Агбиз програмата на USAID организира посета за 100 фармери на Меѓународниот земјоделски саем во Нови Сад, Србија. Целта на посетата е да се поттикне зедничкото планирање и донесување на одлуки за усвојување и примена на напреднати земјоделски техники и технологии, што најпосле ќе доведе до подобрена продуктивност, стандардизација на производите, оптимализација на количините и зголемување на приходите.

- Група од 80 фармери и бизнисмени во организација на Федерацијата на фармерите на РМ и ТУЈАП ФЕРС го посетија земјоделскиот саем во Бурса - Турција, кој е една од најголемите меѓународни саемски манифестации во регионот. Целта на посетата на саемот беше запознавање на земјоделците од РМ со новите технологии на производство со цел намалување на трошоците и зголемување на продуктивноста, како и размена на искуства со турските фармери и институции од областа на земјоделството. На покана на ФФРМ на саемот присуствуваше и Зоран Коњановски, заменик министер во МЗШВ и Климе Белески, Директор на институтот за земјоделство.

- ФФРМ со свој штанд присуствуваше на 62 от по ред меѓународен земјоделски саем за широка потрошувачка АГРОФУД 2012, каде што посетителите можеа да добијат корисни информации од земјоделскиот сектор и подобрување на нивниот бизнис.

-10 земјоделци и бизнисмени преку ФФРМ и ТУЈАП ФЕРС го посетија земјоделскиот саем во турскиот град Адана кој се одржува по шести пат. На 30.000 метри квадратни. беа презентирани садници, семиња, технологии на производство и заштита од областа на градинарство, овоштарството, сточарството и живинарството. Македонските земјоделци и бизнисмени реализираа средби и размена на искуства со компаниите и турските фармери.
- 20 земјоделци преку ФФРМ и Тујап Ферс го посетија саемот за широка потрошувачка во Истамбул каде што се разменија искуства во делот на технологии на производство.

ИЗДАВАШТВО

-Во рамки на заедничката програма со Француската асоцијација на земјоделци за меѓународен развој (АФДИ) поддржана од Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА) е издаден прирачник „Хигена на млеко“, чиј автор е проф. д-р Владимир Какуринов. Целта на прирачникот е подобрување на постапките при млекопроизводството а со тоа и подобрување на хигиената и квалитетот на млекото во Република Македонија

СРЕДБИ И ПОСЕТИ

- Претставници од ФФРМ учествуваа на конференцијата „Руралниот развој во западно балкански земји' која се одржа во Сараево, Босна и Херцеговина во рамките на проектот за подобрување на компетенциите во руралниот развој, каде што ФФРМ е партнер организација. Претставниците од Федерацијата на фармерите на РМ го презентираа процесот на програмирање како и имплементација на ИПАРД во Македонија. Исто така претставници од ФФРМ присуствуваа во Холандија на тридневен студиски престој каде што се дискутираше за развојот на руралните средини и диверзификацијата.

- Претставници на ФФРМ учествуваа на втората средбата на Балканската мрежа на земјоделски асоцијации (БААН) која се одржа во Приштина – Косово. На средбата се разговараше за јакнењето на здружувањето на регионално ниво со цел поголемо информирање, разменување на искуства и зближување на земјоделците, а воедно и зголемување на конкурентноста на регионалниот пазар на земјоделски производи.

- Во организација на ФФРМ со подршка на УСАИД 25 земјоделци од Албанија имаа средби со сточари од ФФРМ кои имаат свои фарми во западниот дел на државата. Во рамките на престојот беа реализирани средби со сите инволвирани институции во сточарството, при што беше реализирана средба со Агенцијата за храна и ветерина, Институтот за сточарство, ЈП за стопанисување со пасишта, а беа остварени и посети на кланица и ветеринарна станица.

- ФФРМ оствари средба со Иницијативата за земјоделски развој на Косово (ИАДК) каде што ги презентираше своите искуства и информации за формирање на една чадор организација која функционира на национално ниво. ИАДК планираат да формираат организација како ФФРМ во Косово и во рамките на дводневната посета на Македонија оствариј средби со управувачката структура на ФФРМ, го посетија регионалниот центар во Битола и оствариј средби со членови на Федерацијата во битолскиот регион.

- ФФРМ организираше седумдневна посета на Француската земјоделска организација АФДИ со која спроведува проект за подобрување на квалитетот на млекото. Беа реализирани средби со сточари и млекари, а се оствари и средба со заменик – министерот за земјоделство Зоран Коњановски. Во рамките на самата средба се разговараше и за продолжување на соработката со АФДИ и АЛДА.
-- ФФРМ реализира тридневна посета со жени фармери од Невладина организација

- Иницијатива за земјоделски развој на Косово (ИАДК). Целта на посетата е да се разменат искуства и да се потенцира и јакне земјоделското здружување и кај жените какои јакнење на улогата на жената како претприемач.
- Федерацијата на фармерите на РМ преку програмата на УСАИД Агбиз присуствуваше на Самитот ГЛОБАЛ ГАП во Мадрид, Шпанија, каде што учествуваа 400 лица од 50 земји кои имаа можност да ги слушнат големите трговци, производителите на ГЛОБАЛ Г.А.П како глобализацијата на храна го диктира темпото на производство.

- Преку Фондацијата Агро-центар за едукација (ФАЦЕ) и во соработка со Федерацијата на фармерите на РМ, како дел од Програмата доживотно учење, во рамките на акцијата за мобилност на луѓето од пазарот на трудот секторската

програма Леонардо да Винчи, група на млади фармери (членови на ФФРМ) на возраст од 19 до 40 години беа на двонеделна пракса во Холандија. Програмата беше наменета за сточари и градинари кое се фокусираа на клучните прашања на модерното земјоделство во Холандија: управување на синџирот на производство, системи на квалитет, сертификација на производство (ГЛОБАЛГАП), следење во производството, заштита на растенијата, намалување на резидуи и безбедност на храната. Оваа заедничка програма имаше и практичен дел на фарма за запознавање и користење на современи технологии.

- Претставници од Федерацијата на фармерите на РМ присуствуваа на семинарот „Младите земјоделци и пазарот на трудот" кој се одржа во Охрид организиран од младинската организација МСО (младинска синдикална организација) при УНАСМ (Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија) подржан од национална Федерација на христијански синдикати CNV international. Учесниците имаа можност да слушнат како да се регистрираат како земјоделски производители, како да добијат земјиште под концесија и како да се стопанисува со истото.

КОМУНИКАЦИСКИ ПРОИЗВОДИ НА ФФРМ

СПИСАНИЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ „МОЈА ЗЕМЈА“

Списанието за земјоделство и рурален развој „Моја земја“, како основен производ на ФФРМ Медија, издаде 11 месечни изданија во текот на 2012 година во кои беа презентирани коментари, ставови на фармери, експерти и релевантни институции, репортажи, едукативни совети, анализи. ФФРМ Медија имаше соработката со ЛРФ Медија во рамките на проектот „Промоција на интересите на фармерите на РМ“ поддржан од СИДА.Одредени институции во земјоделството, како што се АПРЗ, МЗШВ и АФПЗРР (Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој), програмата АгБиз, ЦеПроСард, Мрежата за рурален развој, Факултетот за земјоделски науки и храна, Институтот за земјоделство и понатаму соработуваа во подобрувањето на информираноста и едукацијата на земјоделците со пласирање релевантни информации, совети и прирачници во списанието „Моја земја“. ФФРМ медија беше активно вклучена во организацијата на саемските посети во Србија, Грција и Турција. ФФРМ Медија спроведуваше проект подржан од Норвешката амбасада за подобрување на употребата на земјоделска механизација во Република Македонија, иницијатива што ќе има позитивен ефект врз сопствениците на 50.000 нерегистрирани трактори во Македонија.

ВЕБ-СТРАНА НА ФФРМ

Интернет-страницата на ФФРМ, www.ffrm.org.mk, и понатаму останува најдобрата веб-страна, каде што сите лица можат да читаат информации за земјоделството. На веб страната е промовиран и поставен Пазарен информативен систем каде што се поставуваат инфомации за цени на земјоделски производи во РМ и регионот. Како информативни алатки и во 2012 година ФФРМ ги користеше социјалните медиуми, како што се групата на Мрежата на млади фармери и Федерацијата на фармерите на РМ. Во 2012 година реализирани се 84302 посети што е зголемување за 85% во однос на претходната година. Реализирани се 297000 отворања на страни, напишани се 286 текстови, а направени се 75000 симнувања.

ИНФОРМАТОР

Во текот на 2012 година се објавени пет информатори на македонски и на албански јазик. Нив ги добиваа членовите на ФФРМ кои можеа да се информираат за тековните активности на оваа организација, за законската земјоделска

регулатива, за анализи на цените на земјоделски производи и настани од соседството и ЕУ кои се значајни за развојот на македонскиот аграр.

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

ФФРМ, преку брифинзи, конференции за печат, изјави, соопштенија за медиуми, интервјуа, како и користење на други медиумски алатки, во текот на 2012 година ги презентираше сите свои ставови и активности. Ваквиот начин резултираше со поголемо лобирање и застапување на интересите на земјоделците, со цел ФФРМ да стане подемократска и потранспарентна организација. Во текот на 2012 година реализирани се 100 медиумски преставувања, а во рамките на организирањето на „Меѓународниот ден на руралната жена“ и „Јуфкијада“ е реализирана и соработка со емисијата „Вкусот на традицијата“ која се емитува на Алфа телевизија така што снимени се три емисии за овие манифетсации.

СМС ПОРАКИ

Како главни алатки за распространување на информациите до фармерите и пошироката јавност беше користена електронска пошта, смс пораки, директни телефонски повици. Во текот на периодот на известување на членовите на ФФРМ им беа пратени 3500 смс пораки со цел да бидат информирани за различни прашања, како отворени повици за апликации за програмите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, понуди за посета на земјоделски саеми, настани и активности на ФФРМ и други видови на информации.